Вкупно 17 претставници на осум конзорциуми кои спроведуваат проекти финансирани од Глобалниот фонд за ангажираност и отпорност на заедницата (ГЦЕРФ) на 9 ноември 2022 година разговараа за главните предизвици од спроведувањето на предвидените активности, научените лекции за процесите на ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција (РРР) воопшто, главните влијанија, успешни приказни и искуствата со националните институции. Сите проекти се насочени кон поддршка на повратниците од странските боишта и нивните семејства, но во поширока смисла ги опфаќаат и заедници како и институциите кои работат на оваа проблематика.




Еден од поголемите предизвици со кои се соочуваат организациите при спроведувањето на планираните активности е инфлацијата предизвикана од економската и енергетската криза. Покрај тоа, тие се осврнаа и на институционалните предизвици. Армела Џахо од Институтот за демократија и медијација (IDM) од Албанија зборуваше за активностите во училиштата. Според неа, со указ од Министерството за

образование, граѓанските организации можат да спроведуваат само активности кои се дел од регуларната наставна програма, а наставниците се под притисок обидувајќи се да вметнат дополнителни програми за учениците. За организацијата Советодавна линија за жени и девојки (Counselling Line for Women and Girls) од Албанија еден од проблемите е да одржат континуитет на учеството децата на повратниците од странските боишта во активностите планирани за нив. Ејнџ Пепа од CLWG истакна дека дел од нивните активности се и приватни сесии со деца од семејствата на повратниците на кои не секогаш може да се одржи динамиката заради различни причини. За мотивација на корисниците и подигање на нивната волја за соработка тие обезбедуваат и друга поддршка во соработка со Канцеларијата за заштита на децата.

Албана Изети од Terre de Hommes од Албанија како најголем предизвик ја истакна промената во хиерархијата на Националниот координативен центар за превенција и спречување на насилниот екстремизам. Имено, до мај 2022 година овој центар беше под директна надлежност на премиерот, но од тој датум наваму е под надлежност на Министерството за внатрешни работи. Сите овие промени придонесоа за пролонгирање на усвојувањето на Националната стратегија, која е комбинација од борба против тероризмот и спречување насилен екстремизам.


Kreshnik Gashi BIRN Kosovo
Armela Xhaho IDM Albania
Blinera Rexhepi MCMS
Gonce Jakovleska MKD
Albana Izeti- Tdh Albania
Drenusha Nika
NEXUS
Afrodita Musliu
Iliria Kajdomqaj INTEGRA
Elma Tershana, Observatory Albania
Elena
Bora Panajoti
MCMS
MCMS
Lumjana Cenaj
Lumjana Cenaj
Ejnxh PEPA
Nazif Avdi, MYLA
Nazif Avdi, MYLA